ЈАВЕН ПОВИК
за свикување и одржување на Собрание на акционери на ВАРДАР АД Градско

СЕ СВИКУВА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ на Друштво за производство и промет со земјоделски и сточарски производи ВАРДАР АД Градско, за 10.07.2026 (петок) во 12ч. во просториите на Друштво за производство и промет со земјоделски и сточарски производи ВАРДАР АД Градско на улица: „Автопат“ бр.4 Градско, со следниот:

ДНЕВЕН РЕД

I. Процедурален дел:
- Утврдување на кворум за работа;
- Избор на Претседавач на Собранието;
- Избор на бројач на гласови;
- Записникот ќе го води нотар.

II. Работен дел:
1.Донесување Одлука за усвојување на записникот од последното одржано Собрание на акционерското друштво;
2. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на годишната сметка, консолидарна годишна сметка, финансиските извештаи, консолидарни финансиски извештаи и годишниот извештај за работа на акционерското друштво за 2025;
3. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на извршена ревизија на годишните и финансиските извештаи за деловната 2025 година од овластениот ревизор;
4. Расправа и донесување на Одлука за одобрување на работата и за водење на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот на Директори во 2025 година (оваа расправа е поврзана со претходната точка на дневниот ред);
5.Донесување на Одлука за покривање на загуба за 2025 година во наредните години ;
6.Донесување на Одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за 2026 година.
7. Расправа и донесување на Одлука за отповикување на сите членови на Одбор на Директори;
8. Расправа и донесување на Одлука за избор на членови на Одборот на Директори на Друштвото;
9. Предлог Одлука за голема зделка - отуѓување на недвижен имот на друштвото како и отуѓување на повеќе годишен насад (лозја,праски и кајсии)
10. Предлог Одлука за преобразба на друштвото од акционерско друштво во друштво со ограничена одговорност, со прилози;
-Договор за друштвото, Изјави за преземање на удел, Изјави за прифаќање на Договорот за Друштвото;

Материјалите и документи кои ќе се разгледуваат на собранието како и предложените одлуки за донесување ќе бидат достапни до Акционерите на начин што сметано од денот на објавувањето на јавниот повик ќе се депонираат во приемната канцеларија на секретарката во седиштето на друштвото и истовремено ќе се прикачат на интернет страната на Друштвото на следниот линк: http://vardargradsko.mk/, а Акционерите имаат право секој работен ден од 09.00 до 12.00 часот до одржување на собранието, да извршат непосреден увид во материјалите за собранието во присуство на секретарката или друг овластен раб
отник со тоа што се должни да претходно се легитимираат како акционер на друштвото со презентирање на писмено известување од Централниот депозитар за хартии од вредност дека се запишани во акционерската книга на друштвото, а нивните полномошници и со презентирање на писмено полномошно заверено кај нотар.

Се повикуваат акционерите на Вардар АД Градско да гласаат по точките од дневниот ред објавени во Јавниот повик, со пополнување на Образец за гласање со коресподенција, кој е објавен на официјалната интернет страна на Друштвото на следниот линк: http://vardargradsko.mk/.

Уредно пополнетиот Образец за гласање со коресподенција, акционерите треба да го достават во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционерот физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционерот правно лице.

За потребите на идентификација, заедно со пополнетиот Образец за коресподенција, акционер физичко лице потребно е да достави и копија од документ за идентификација (лична карта).

За потребите на идентификација, заедно со пополнетиот Образец за коресподенција, акционер правно лице потребно е да достави и копија од важечка тековна состојба на правното лице и копија од документ за идентификација (лична карта) на законскиот застапник на правното лице.

Пополнетиот Образец за коресподенција во оригинал заедно со погоре наведените документи за идентификација, со назнака „за Собрание на акционери“ треба да бидат примени во седиштето на ВАРДАР АД ГРАДСКО, на ул.“Автопат” бр.4 Градско, најдоцна до 10.07.2026 година до 12.00 часот.

Собранието на акционери ќе одлучува само за прашања што се уредно ставени на дневниот ред, во согласност со Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва. Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин утврден согласно одредбите од Законот за трговски друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник на собранието на акционери, на начин и под услови утврдени со закон, со потпишување на писмено полномошно. Секој акционер кој дал писмено полномошно и назначил свој полномошник е должен да го извести Друштвото со писмено известување на горенаведената адреса и назнака, или по електронски пат на следната мејл адреса: direkcija@vardargradsko.mk со доставување на полномошното во скенирана форма, во спротивно ќе се смета дека полномошното не е издадено.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на јавниот повик за свикување на Собранието, односно најдоцна до 17.06.2026 година, да предложат дополнување на предложениот дневен ред со барање за вклучување нови точки или одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Предлагањето точки/одлуки по дневниот ред се врши со писмено известување доставено на горенаведената адреса и назнака или по електронски пат на е-поштата: direkcija@vardargradsko.mk-

Предлогот се доставува во писмена/скенирана форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционери(и) физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер(и) правно лице. Заедно со барањето акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

1. За акционер физичко лице, се приложува:
- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 (три) дена и
- Копија од лична карта или пасош.

2. За акционер правно лице, се приложува:
- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 (три) дена,
- Последна тековна состојба од Централен регистар во оригинал не постара од 7 (седум) дена и
- Копија од лична карта или пасош на застапникот по закон.

Акционерите имаат право да поставуваат прашања по точките од дневниот ред со доставување на прашање во писмена форма најдоцна до 03.07.2026 година до 12.00 часот, на горенаведената адреса на Друштвото. Одговорите на поставените прашања од седница на Собранието ќе бидат објавени на интернет страната на Друштвото http://vardargradsko.mk/ во форма на прашање и одговор.

Прашањата се доставуваат во писмена форма во оригинал на горенаведената адреса и назнака, или по електронски пат во скенирана форма на е-пошта direkcija@vardargradsko.mk со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер(и) физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапникот по закон на акционер(и) правно лице. Заедно со прашањето акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

1. За акционер физичко лице, се приложува:
- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 (три) дена и
- Копија од лична карта или пасош.

2. За акционер правно лице, се приложува:
- Извод од Централен депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 (три) дена,
- Последна тековна состојба од Централен регистар во оригинал, не постара од 7 (седум) дена и
- Копија од лична карта или пасош на застапникот по закон.

Акционерите можат да се запознаат со материјалите по дневниот ред и со дополнителните информации, согласно важечката законска регулатива, на интернет страната на Друштвото http://vardargradsko.mk/ од денот на објавувањето на овој Јавен повик.

Одбор на директори
„ВАРДАР АД Градско„

Врз основа на чл.16 од ЗТД основачот и овластениот потписник Шпенди Мирзо на Трговија на мало со непрехрамбени производи ТП ГЕНЦИ Шпенди Сулејман Мирзо Дебар , со ЕМБС : 5257387 ; ЕБД : 5008995102802 и седиште на ул. Братство Единство, бр.8, Дебар , на ден 02.06.2026 година ја донесе следната :

О Д Л У К А

Член 1

Се врши пренос на фирмата Трговија на мало со непрехрамбени производи ТП ГЕНЦИ Шпенди Сулејман Мирзо Дебар , со ЕМБС : 5257387 ; ЕБД : 5008995102802 и седиште на ул. Братство Единство, бр.8, Дебар, од Шпенди Мирзо на Мирлинда Мирзо

Член 2

Согласно законските одредби од ЗТД се известуваат сите доверители ако ги има, во рок од 30 дена од денот на објавата на оваа одлука да го пријават своето побарување заради извршување на пренос на фирмата на ТП

Трговија на мало со непрехрамбени производи
ТП ГЕНЦИ Шпенди Сулејман Мирзо Дебар
Сопственик,
Шпенди Мирзо

02.06.2026 год.

Врз основа на член 35 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административни службеници („Службен весник на Република Македонија” бр. 221/24), а во врска со член 20-г од Закон за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија” бр. 242/24), Агенцијата за администрација објавува

ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ – 370/2026
за вработување на 1 државен службеник од Група I, подгрупа I во Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието за следните работни места:

1. УПР0101Г02000 Виш референт за стручно - административни работи, Одделение за нормативно - правни и канцелариски работи, Сектор за логистика, 1 извршител(и)

Општи услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:
- ниво на квалификациите V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование, најмалку вишо или средно образование
- најмалку 2 (две) години работно искуство во струката

Општи работни компетенции:
- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување

Посебни работни компетенции:
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

Распоред на работно време:
- Работни денови понеделник - петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:30 до 15:30

Опис за работното време: со почеток на работното време помеѓу 7:30 и 08:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот
Паричен нето износ на плата: 31.357,00 денари

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за год. се :
Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето во електронска форма преку корисничкиот профил креиран на интернет страницата на Агенцијата за администрација.
Рокот за пријавување изнесува 15 дена, сметано од денот на објавувањето на огласот. По истекот на рокот за пријавување, огласот ќе биде отстранет од интернет страницата на Агенцијата.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Пријавените кандидати на јавниот оглас, ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја следна фаза од постапката за селекција на административен службеник, на интернет страницата на Агенцијата за администрација.
Фаза 1 - административна селекција се спроведува во рок од 15 дена од завршувањето на објавениот оглас.
Фаза 2 – испит за административен службеник се спроведува во рок кој не може да биде пократок од 10, а подолг од 30 дена од завршувањето на фаза 1 и истата се снима и емитува во живо на интернет страницата на Агенција за администрација.
Фаза 3 – проверка на веродостојност на докази и интервју се спроведува во рок од 10 дена од завршување на фаза 2.